Бр./Nr 12-1172/2
17-06-2024 г./v.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19) и член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава за прекршување на законските одредби во изборен процес поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 6 - та седница одржана на 10.06.2024 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Пријавата заведена под број 12-1172/1 од 20.03.2024 година, за извршен избор на членови на Управен Одбор во Средното --------------------- Училиште „------------------------" ---------, со сомневања за незаконитости и прекршувања во изборниот процес во 2024 година, **СЕ ОТФРЛА.**

Предметот со број 12-1172/1 од 20.03.2024 година се смета за завршен и да се архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на непознат подносител, на ден 20.03.2024 година, поднесена е пријава за извршен избор на членови на Управен Одбор во Средното ---------------- Училиште „-------------------------" ----------------, со сомневања за незаконитости и прекршувања во изборниот процес во 2024 година по која е оформен предметот број 12-1172/1 од 20.03.2024 година.
Во пријавата подносителот наведува дека на одржаниот Наставнички совет во споменатото средно училиште одржан на ден 08.03.2024 година, била донесена Одлука за разрешување на членови на училишен одбор и за избор на нови членови, за која смета дека е незаконска и дека била донесена на незаконски начин, спротивно на Законот за средното образование и Статутот на училиштето, каде е утврдена постапката за избор на нови членови на Управниот одбор. Бара да се констатира дека одлуката е незаконска и да се даде задолжение до наставничкиот совет да ја поништи.

По разгледувањето на предметните наводи, ДКСК констатира дека за делот од наводите кои се однесуваат на законитоста на спроведената постапка која претходела на донесувањето на Одлука за избор на членови на Училишен одбор и за законитоста на истата Одлука, Државната комисија за спречување на корупцијата нема надлежност да постапува.

Во однос на наводите дека донесувањето на наведената Одлука за разрешување и именување на членови на училишен одбор не треба да се врши во период по распишувањето на избори, ДКСК оцени дека во случајов нема елементи за надлежно постапување од причина што наводите од пријавата не укажуваат на преземање на дејствија кои се забранети во периодот

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

по донесувањето на Одлуката за распишување на изборите во 2024 година, со чл, 34 ст.1 алинеа 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и чл.8-а ст.1 алинеа 3 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија" бр. 40/2006; 136/2008; 148/2008; 155/2008; 163/2008; 44/2011; 51/2011; 142/2012; 31/2013; 34/2013; 14/2014; 30/2014; 196/2015; 35/2016; 97/2016; 99/2016; 136/2016; 142/2016; 67/2017; 125/2017; 35/2018; 99/2018; 140/2018; 208/2018 и 27/2019 и „Службен весник на Република Северна Македонија бр. 98/2019, 42/2020, 74/2021, 215/2021, 58/2024 и 76/2024).

Врз основа на погоре наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Претседател**

**Татјана Димитровска**

Изготвил: м-р К.З

Одобрил: С.С.М, Член на ДКСК